# Технички речник на збирката „Епидемии“ од Corpus Hippocraticum: Речникот на „Промена“ (поимот на Оган, Студ и Боја) [1]

Дивна Стевановиќ
Философски фаултет
Универзитет во Белград
divna@free.fr

*Клучни зборови: медицината во Стара Грција, грчки јазик, Хипократ, семантика, поим на промена.*

Овој магистерски труд е сосредоточен на техничкиот речник на седум хипократови расправи, познати како „Епидемии“. Лексичкиот матерјал е организиран околу три големи семантички оски, т.е. поимот на оган, студ и боја. Во уводот се дадени суштинските податоци за збирката "Епидемии", се расправа за времето на нејзиното објавување, за нејзиниот автор, структура и содржина, како и за ракописната традиција на текстот, неговите критички изданија и современи истражувања. Следното поглавје се однесува на хипокритовиот речник општо, на неговата класификација, на главните особености и на поимот на промена. Следните три поглавја го претставуваат самото јадро на магистерскиот труд, каде се анализираат четири семантички семејства со значење оган, три семантички семејства со значење студ и дваесет и три термини што означуваат боја. Секој збор се анализира семантички (во пред-хипократовската литература и во медицинската литература) и морфолошки, а воедно, се разгледува неговиот семантички развој и неговата употреба во „Епидемии“. Во заклучокот се анализира структурата и употребата на сите обработени термини и се одредуваат особеностите на хипократовиот речник.

## Белешка:

[1] Магистерски труд одбранет во февруари 2004 на Философскиот факултет во Белград